**Барање:**

Дополнителни прашања поради забележани недоследности во врска со станот бр. 13 на ул. Филип Втори Македонски бр.19, 7000 Битола,

1. Дали се направени пропусти во постапката од Ваша страна?
2. Доколку не се направени пропусти од ваша страна, дали сметате дека како државен орган ( Министерствоо ), кој претходно управувал со овој имот и е споменат во одговорот на АДИССДП, имате одговорност да ги известите останатите релевантни институции за да се утвдат пропустите во оваа постапка и да се запише предметниот стан како државен имот?

**Одговор:**

Врз основа на дополнителните прашања за пристап до информации од јавен карактер и врз основа на информациите со кој располага Министерството за одбрана односно Директоратот за управување со имот и инфраструктура, ве известуваме:

1. Министерството за одбрана, согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија по точка 92 усвоен на педесет и петата седница на Владата одржана на 10.04.2012 година со Решение бр.02-3059/1 од 30.05.2012 за формирање на работна група за попишување и примопредавање на документација за воените станови во Министерството за одбрана или станови кој потекнувале од станбениот фонд на ЈНА Скопје како и Записник за примопредавање на документација за воени станови на РМ со бр.17/1-384/1 од 24.10.2012 година, **( во прилог бр.1 )** - извршува дејност: приморедавање на сите станбени единици кој биле во сопственост на Министерстото за одбрна на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката.

Со оглед на тоа, заклучно со тој ден Министерството за одбрана немало никаква обврска, ниту должност - да изврши примопредавање на било кој стан, па и на станот за кој барате информација на адреса ул. Филип Втори Македонски бр.19/13 во Битола.

2. На прашањето под бр.2 Ве насочуваме повторно кон одговорот погоре.

Со тоа може да заклучите дека повеќе не постојат станови со префикс “воен стан“, или станови со кој располага и стопанисува Министерството за одбрана , туку сите станови се водат како државни станови и постојат надлежни институции кој во интерес на Вашето барање за добивање на дополнителни информации од јавен карактер би можеле да се обратите, и тоа до:

- АДИССДП,
- Министерството за транспорт и
- Комисијата за станбени прашања при Влада на РСМ.

**Прилог бр.1**: Целата документација која е наведена во одговорот.

20150902853

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.5.2015 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му се даваат на трајно користење без надомест недвижни ствари, сопственост на Република Македонија и тоа:

1 - стан бр. 02, на мезанин со површина од 73 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 4 м2 и подрумска просторија со површина од 19 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 1, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 03, на мезанин со површина од 64 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 5 м2 и подрумска просторија со површина од 20 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 1, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 06, кат 01 со површина од 74 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 7 м2 и подрумска просторија со површина од 8 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 07, кат 01 со површина од 75 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 8 м2 и подрумска просторија со површина од 8 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 10, кат 02 со површина од 74 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 7 м2 и подрумска просторија со површина од 8 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 11, кат 02 со површина од 75 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 8 м2 и подрумска просторија со површина од 9 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 12, кат 02 со површина од 53 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 7 м2 и подрумска просторија со површина од 8 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 14, кат 03 со површина од 74 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 7 м2 и подрумска просторија со површина од 10 м2, на улица „Октомвриска револуција" во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 02, н,а мезанин со површина од 75 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 18 м2 и подрумска просторија со површина од 9 м2, на улица „Октомвриска револуција“ во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

- стан бр. 03, на мезанин со површина од 75 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 21 м2 и подрумска просторија со површина од 9 м2, на улица „Октомвриска револуција“ во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

стан бр. 04, на мезанин со површина од 52 м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 15 м2 и подрумска просторија со површина од 9 м2, на улица „Октомвриска револуција“ во Куманово, дел 13, број на зграда 2, влез 1, КП бр.13654, КО Куманово, Имотен лист бр. 26229.

стан бр. 2, кат 04 со површина од 5[illegible] м2, лоѓии, балкони, тераси со површина од 10 м2 и подрумска просторија со површина од 6 м2 на улица „Роза Петрова“ во Кочани , број на зграда 1, влез 2, КП 12949, КО Кочани, Имотен лист бр. 2651.

стан бр. 3, кат 03 со површина од 51 м2, и подрумска просторија со површина од 4 м2 на улица „Никола Вапцаров“бр. 6 во Кочани , број на зграда 1, влез 2, КП 14668, КО Кочани, Имотен лист бр. 2651 и

стан бр. 4, приземје со површина од 41 м2 и подрумска просторија со површина од 6 м2 на улица „Никола Вапцаров“ бр. 12 во Кочани, број на зграда 1, влез 3, КП 14665, КО Кочани, Имотен лист бр.2651.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-5065/1
26 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

[redacted]

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

С К О П Ј Е

Бр. 41-5918/1
Скопје, 15.08.2012 год.

Влада на Република
Македонија
Генерален секретаријат
на Владата на
Република Македонија

Бул. Илинден бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 - 022

www.vlada.mk

# И З В А Д О К
## од Нацрт – записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.08.2012 година

„ТОЧКА 23: Информација во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост

Владата ја разгледа Информацијата во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски квартално да доставува до Владата на Република Македонија Информација во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост.

2. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да изврши изложување на становите сопственост на Република Македонија и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и за истото во првата недела од септември да ја информира Владата.

3. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката за сите станови за кои е извршено изложување и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности да ги изготвува пресметките за вредност на стан по поднесени барања од страна на Министерството за транспорт и врски во рок не подолг од 10 дена.

[redacted]

4. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да доставaт заедничка информација до Владата во врска со Одлуката за бришење од евиденција на станови во домови и станови наменети за живеење на корисници на пензија (ПИОМ) во рок од 10 дена.

5. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката сите станови кои се доделени од поранешната организација Рудници за олово и цинк "САСА" ц.о Македонска Каменица да ги воведе во евиденција на станови сопственост на Република Македонија со кои ќе стопанисува ова друштво во рок од 15 дена и да ја информира Владата.

6. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да достави до Владата во рок од 30 дена Информација за локации на кои планира да гради објекти согласно Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија, а за истите локации кои ќе ги внесе во Програмата да обезбеди решавање на станбеното прашање на корисниците на станови на тие локации.

7.Се препорачува на ЈП „Македонски железници"-Инфраструктура и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да извршат примопредавање на целокупната документација во врска со општествените станови, и за истот да доставaт заедничка информација до Владата во рок од 30 дена.

8. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 60 дена да ја предаде целокупната документација во однос на воените станови на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката кое е задолжено за стопанисување и водење на единствена евиденција на становите на Република Македонија.

9. Се препорачува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката за становите кои ги вовело во евиденција на станови сопственост на Република Македонија да склучи Договори за закуп со право на откуп согласно условите од

Законот за продажба на станови во општествена сопственост со сите лица-носители на право на користење на стан кои го користат станот врз основа на акт и договор за користење на станот донесен пред 16 мај 1998 година."

ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР

Иљхам Исмани

ДОСТАВЕНО И ДО:

-Министерството за одбрана
- АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
- Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- ЈП „Македонски Железници" – Инфраструктура

Подготвил: Јулија Витанова
Одобрил: Љубица Р. Димовска

ГОРАН

Град. обј (Горан)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за недвижности и услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23. 04. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 17/1 - 12/50 | | | |

- СНУ
- СПМ - Ислами, Илми, Руска
- СПР
- ДС

19.04.2012

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-2347/1
10.04.2012 година
Скопје

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

СКОПЈЕ

# ИЗВАДОК
## од Нацрт-записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.04.2012 година

„ТОЧКА 92: Информација за моменталната состојба на становите од поранешната ЈНА кои ги користат претставници на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи

Владата ја разгледа Информацијата за моменталната состојба на становите од поранешната ЈНА кои ги користат претставници на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за одбрана во рок од 10 дена целокупната документација во однос на воените станови да ја достави до Министерството за транспорт и врски."

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Министерството за транспорт и врски

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божиновски

Подготвил: м-р Светомир Рајчиноски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

За Сузана Конгева

Директор Наташа Н
Натаmш 03.0

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 51-17/215
22.02.2011 година
Скопје

ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 02-03-2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | Број: | Прилог: | Вредно |
| 03 | 3278/ | | |

ДО ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија

СКОПЈЕ

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт- записникот од Двесте и петнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.02.2011 година**

**„ТОЧКА : Прашања и предлози**

Владата заклучи да формира Комисија во состав од директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, Владимир Бахчовановски, Петар Богоевски од Министерството за одбрана и Љубиша Јовановски од Министерството за транспорт и врски, која ќе направи анализа за состојбата со становите од поранешна ЈНА кои ги користат претставници на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи и за извршената анализа да подготви информација која во рок од 30 дена ќе ја достави до Владата."

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-Министерството за одбрана**
**-Министерството за транспорт и врски**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Кирил Божиновски**

Подготвил: Наташа Гоцоска
Одобрил: Митра Спасовска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за недвижности и услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 03. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

Град, обв. ГОРАН!

-СНУ
-СПМ-Мелочни, Илия, Русна
- ПС

23.03.2012

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-17/51
20.03.2012 година
Скопје

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

СКОПЈЕ

23-03-2012

# ИЗВАДОК

## од Нацрт- записникот од Педесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.03.2012 година

„ТОЧКА 45 : Посебна информација за моменталниот статус на становите од поранешна ЈНА, кои ги користат претставници на Министерството за одбрана и на Министерството за внатрешни работи, со прецизна методологија за продажба, увид, попис и начин на предавање на документацијата од Министерството за одбрана на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ-НЕМА МАТЕРИЈАЛ

Владата заклучи посебната информација за моменталниот статус на становите од поранешна ЈНА, кои ги користат претставници на Министерството за одбрана и на Министерството за внатрешни работи, со прецизна методологија за продажба, увид, попис и начин на предавање на документацијата од Министерството за одбрана на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, да се разгледа на наредната седница на Владата. “

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
-Министерството за внатрешни работи
-АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Кирил Божиновски**

Подготвил: Катерина Стојкоска
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-195/1
7.01.2012 година
С к о п ј е

МО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за недвижности и услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15 02 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

- СНУ
- ПС
14.02.2012

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**СКОПЈЕ**

## ИЗВАДОК
### од Нацрт-записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.02.2012 година

„ТОЧКА 39: Информација во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост

Владата ја разгледа Информацијата во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски на секои шест месеци до Владата да доставува Информација во врска со прогресот на процесот за продажба на становите во општествена сопственост.

2. Се препорачува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да изврши изложување на становите сопственост на Република Македонија и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 3 месеци и првата недела од месец мај да ја информира Владата.

3. Се препорачува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да ги изготвува пресметките за вредност на стан по поднесени барања од страна на Министерството за транспорт и врски во рок не подолг од 10 дена.

4. Се препорачува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да достави информација до

Владата на Република Македонија во врска со Одлуката за бришење од евиденција на станови во домови и станови наменети за живеење на корисници на пензија (ПИОМ) во рок од 10 дена, а становите кои се доделени од поранешната организација Рудници за олово и цинк „САСА“ Ц.О. Македонска Каменица да ги воведе во евиденција на станови сопственост на Република Македонија со кои ќе стопанисува ова друштво во рок од 15 дена и да ја информира Владата на Република Македонија.

5. Се задолжува Министерството за финансии по завршување на процесот на денационализација да изврши измени и дополнувања на Законот за продажба на станови во општествена сопствениот, за да се овозможи продажба на становите стекнати по основ на таканаречените „присилни прописи“.

6. Се препорачува ЈП „Македонски железници“-Инфраструктура да направи попис на станови и корисници од кои ќе се согледа состојбата за колкав број на станови станува збор и колку од корисниците на тие станови ќе можат да ги купат становите согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственост и Законот за железнички систем, а за тоа во рок од 30 дена да ја информира Владата.

7. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 7 дена да ги извести АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и Министерството за транспорт и врски со превземените активности по Заклучокот број 51-17/215 од 22.02.2011 година и во соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и Министерството за транспорт и врски до Владата да доставаат посебна информација за моменталниот статус на тие станови со обврска да изготват прецизна методологија за продажба, увид, попис и начин на предавање на документацијата од Министерството за одбрана на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката во рок од 30 дена.“

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- Министерството за одбрана
- Министерството за финансии
- АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
- Агенцијата за катастар на недвижности
- ЈП „Македонски железници“-Инфраструктура

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Подготвил: м-р Светомир Рајчиноски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

РЕПУБ... ...ЕДОН...
МИНИС... ...НА ОДБРАНА
Бр. 02-3059/1
30-05 2012 20 год.
СКОПЈЕ

Горан Лазаревски
СН и У

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за одбрана донесе

## *Р Е Ш Е Н И Е*
### ***за формирање на Работа група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на Министерството за одбрана***

I. Се формира работна група за попишување и примопредавање на целокупната документација за воените станови на Министерството за одбрана, во смисла на Заклучокот на Владата на Република Македонија по точка 92 усвоен на педесет и петтата седница на Владата одржана на 10.04.2012 година, во состав од:

1. Билјана Костадиновска,
2. Ружица Јанева и
3. Горан Лазаревски,

од Министерството за одбрана-Сектор за недвижности и услуги и

1. Александар Ѓорѓиоски, Подружница, Скопје, Сектор за стопанисување со станбен и деловен простор и
2. Зоран Бјекиќ, Подружница Скопје, Сектор за продажба на станбен и деловен простор

од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

II. Работната група има задача да ги заврши активностите од точката 1 на ова решение во рок од 30 дена од денот на донесување на решението.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:Емилија Ралева
Одобрил:Милан Андоновски
Согласен: Државен секретар Петар Есмеров

**МИНИСТЕР З ОДБРАНА**
**Д-р Фатмир Бесими**

Доставено до:

- Одделение-кабинет на министерот,
  Државен секретар,
- Сектор за недвижности и услуги,
- Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор-Скопје,
- архива на МО

17/1-384/1
24.10.2012
Скопје

# ЗАПИСНИК

## За примопредавање на документација за воените станови на РМ-Министерство за одбрана на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија

Записникот е изготвен на 24.10.2012 година, во просториите на РМ-Министерство за одбрана, Сектор за недвижности и услуги во присуство на членовите на Работната група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на Министерството за одбрана и тоа од РМ-Министерство за одбрана:

-**Ружица Јанева**, Одделение за градежно обезбедување, Сектор за недвижности и услуги,

-**Горан Лазаревски**, Одделение за градежно обезбедување, Сектор за недвижности и услуги,

од Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија:

-**Александар Ѓорѓиоски**, Подружница Скопје, Сектор за стопанисување со станбен и деловен простор

-**Зоран Бјекиќ**, Подружница Скопје, Сектор за продажба на станбен и деловен простор.

Согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија по точка 92 усвоен на педесет и петата седница на Владата одржана на 10.04.2012 година со Решение број 02-3059/1 од 30.05.2012 година формирана е Работна група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на РМ-Министерство за одбрана.

Членовите на Работната група ја попишаа расположивата документација на РМ-Министерство за одбрана за воените станови на образец **„преглед на документација во станбено досие“** на вкупно 352 (тристапедесетидве) досијеа, составен дел на записникот, кои се предаваат и се доставува **Прегледот на станови во евиденцијата на РМ-Министерство за одбрана** од кои 252 (двестапедесетидва) станови во Скопје и 233 (двестатриесетитри) во градовите и местата во Република Македонија вкупно 485 (четиристотиниосумдесетипет), станови, составен дел на записникот.

За разликата во бројот на становите, прегледот на документацијата во станбеното досие и во Прегледот на станови во евиденцијата на станови во евиденцијата на РМ-Министерство за одбрана во времето на увидот и попишувањето за која не е пронајдена соодветна документација, доколку се пронајде друга документација за воените станови и се достави бараната документација за станови за кои се водат судски постапки во РМ-Министерство

за одбрана од Правен сектор во РМ-Министерство за одбрана, истата дополнително ќе биде доставена на Акционерското друштво.

Записникот е составен во 8 (осум) примероци.

ПРЕДАЛЕ
РМ-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА:

-Ружица Јанева, Сектор за недвиж.и услуги

-Горан Лазаревски,Сектор за недвиж.и услуги

ПРИМИЛЕ
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РМ

Александар Ѓорѓиоски, Подружн. Скопје

Зоран Бјекиќ, Подружница Скопје

Доставено до:
-Одделение кабинет на министерот
-АДИССДДП НА РМ
-Државен секретар во РМ-МО
-Членови на Работна група
-Архива